# СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
# ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA



TÜV NORD CERT GmbH ISO 9001:2015

ICC International Chamber of Commerce

ATA carnet

cif wb6

Association of Balkan Chambers

EUROCHAMBRES

B.C.T.P. Balkan Center for Trade Promotion

enterprise europe network Business Support on Your Doorstep

Excellent SME Excellent Small & Medium Enterprises

EBF European Banking Federation The Voice of European Banks

eurelectric ELECTRICITY FOR EUROPE

SECI Southeast European Cooperative Initiative

CEI Central European Initiative

FIATA


Почитувани,

Пандемијата предизвикана од КОВИД 19 ја обележа 2020 година. Здравствените и економските последици од пандемијата се сериозни, а предизвикот да се справиме со нив огромен, но на крајот ќе успееме во тоа. Меѓутоа, она што е, исто така, важно е што ќе се случува во периодот на постковид 19.

Пред вас е документот „Македонската економија во тековниот период и во постковид 19 периодот“. Во него се содржани погледите на голем број претставници на бизнис-заедницата и на членови на разновидните тела и органи на Стопанската комора на Македонија. Документот е поддржан од страна на потпретседателите и на Управниот одбор на Комората.

Целта на овој документ е неколкукратна. Од една страна, тој дава оценка за тековната состојба и презентира очекувања за периодот што следува. Притоа ги идентификува и долгогодишните структурни слабости, како и тековните проблеми и ризици за македонската економија. Од друга страна, документот посочува насоки на дејствување и идни чекори. Некои од чекорите се поврзани со справувањето со тековната состојба, а некои со периодот на постковид 19. Притоа, во фокусот се системски прашања за економијата, но и конкретни прашања за реалниот сектор. Целта е да се решаваат прашања кои овозможуваат суштинско подобрување на бизнис-амбиентот во земјата и подобрување на конкурентноста на компаниите, со што и општиот економски раст станува долгорочно одржлив. Во целина, документот дефинира една поширока рамка на активности, во која се содржани приоритетните насоки на дејствување на Комората во 2021 година и во периодот потоа.

Во интерес на сите членки на Комората, а и на македонската економија во целина, е во текот на 2021 година ставовите содржани во овој документ да бидат што повеќе афирмирани во јавноста од страна на Комората и на бизнис-заедницата. Гласот во јавноста ќе придонесе за создавање амбиент во кој посочените решенија ќе можат да бидат разгледани и преточени во соодветна регулатива од креаторите на економските политики. Истовремено, заедништвото во јавниот настап околу решенијата содржани во документот дополнително ќе ја зацврсти позицијата на Комората како најстара и како доминантна бизнис-асоцијација и како неприкосновен лидер во коморското работење во земјава. Во овој контекст, ќе биде корисно, во континуитет и во согласност со потребите, да ги доставувате до Комората сите свои ставови, размислувања и случувања во врска со содржините на документот, кои натаму ќе бидат процесирани и објавени на нејзината интернет-страница.

Стопанската комора на Македонија ќе продолжи да биде конструктивна движечка сила, фокусирана на изнаоѓање разновидни решенија, чија реализација ќе го зацврсти успехот на нејзините членки и на македонската економија во целина.

Со почит,

СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ 1

Претседател
Бранко Азески


Димитрие Чуповски 13, 1000 Скопје * П.Фах 324 * Телефон: (02) 3244000 * Факс: (02) 3244088
Dimitrie Cupovski 13, 1000 Skopje * P.O.Box 324 * Phone: + 389 2 3244000 * Fax: + 389 2 3244088
E-mail: ic@mchamber.mk * http://www.mchamber.mk